Врз основа на годишните и полугодишните извештаи учениците најдобри резултати покажува/ат по изборните предмети и тоа: етика во религии, резбарство, проекти од ликовна уметност, програмирање, вештини за живеење, мултикултурни работилници/градинарство, техничко образование, нашата татковина, истражување на родниот крај, сликање.цртање/вајарство, театарски работилници и фудбал, а од задолжителните по физичко и здравствено образование, техничко образование и информатика, ликовно образование а послаб по предметите: математика, хемија и историја.

Во училиштето се спроведуваат низа активности за подобрување на постигањата на учениците. Врз основа на спроведените анкети од Самоевалуацијата (Се изработува на секои 2 години) дефинирани се конкретни активности за подобрување на успехот на учениците: дополнителна и додатна настава, индивидуална соработка со родителите, родителски средби и применување на ИКТ и други нови методи и техники за учење со што се зголемува мотивацијата на учениците. **Прилог 1.27.**

15.2. Професионална ориентација на учениците

Професионалната ориентација се дефинира како поддршка што му се нуди на поединецот за да може да ги разреши прашањата поврзани со изборот на идната професија, при што ќе се имаат во предвид личните способности на поединецот, неговите компетенции во сооднос со професионалната побарувачка на работна сила.

Во реализација на програмата во училиштето се вклучени раководители на паралелки на VIII и IX одделение, наставниците по граѓанско образование и стручен соработник – психолог. Целна група на програмата се учениците од VIII и IX одделение, а предвидена е вклученост и на нивните родители. **Прилог 1.28.**

15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Во ООУ „Тоде Хаџи – Тефов“ се реализираат редица превентивни програми, како програма за превенција од насилство, програма за превенција од болести на зависност, програма за справување со предизвиците на адолесцентниот период и слично.

Програма за превенција од насилно однесување

Во согласност со член 66 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ„бр.161/2019, 229/20, 3/25, 74/25 и 250/25) и Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, издадено од МОН (број: 18-6570/1 од 6.7.2020 година) училиштето изготви Програма и протокол за превенција и справување со насилство. Со него се обезбедува успешност во справување со насилството, а истиот реферира на организациски и стручни активности кои училиштето се обврзува да ги превземе за да се постигне целта.

Превенција од болести на зависност

Во насока на реализирање на општите цели на образованието во Република Северна Македонија кои се однесуваат на одржување на хармоничен интелектуален, емоционален и социјален развој, како и унапредување на здрав начин на живеење и преземање одговорност за здравјето, во ООУ „Тоде Хаџи-Тефов“ - Кавадарци се реализира повеќенаменска програма за превенција од зависности. **Прилог 1.29.2.**

Програма за справување со предизвиците на адолесцентниот период

Со цел подигање на свеста кај учениците по однос на повеќе аспекти од овој период, а во насока на зголемување на нивните знања и ставови и побезболно поминување на овој период, училиштето реализира соодветно подготвена програма преку интерактивни работилници. Работилниците се адаптирани на возраста на учениците. **Прилог 1.29.3.**

16. Оценување

16.1. Видови оценување и календар на оценување

Во рамките на основното образование постојат три образовни периоди врз чија основа се темели начинот на оценување на постигнувањата на учениците и тоа:

- Во првиот период (од I до III одделение) постигањата на учениците во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со описни оценки.
- Во вториот период (од IV до VI одделение) постигањата на учениците во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со описни оценки и бројчани оценки. Описните оценки се стават на крајот од првото и третото тримесечје, а бројчаните на крајот од полугодието и на крајот од учебната година.
- Во третиот период (од VII до IX одделение) постигањата на учениците во текот на наставната гдина по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со бројчани оценки. бројчано оценување на постигнувањата на учениците.

На крајот од годината, учениците од I до IX добиваат свидетелство за постигнатиот успех (различни за секој период), како и додаток на свидетелството во кој се внесува мислењето од одговорниот наставник за секцијата за секој ученик поединечно. Мислењето е описно формирано врз основа на белешките од следењето на учениците.

Дијагностичко проверување и оценување

На почетокот од учебната година наставникот врши дијагностичко проверување и оценување, со цел да го провери и да го осознае нивото на постигнатите знаења и способности на учениците од претходното одделение. Дијагностичкото проверување наставникот може да го реализира со примена на повеќе инструменти како што се: дијагностички тестови; анкетни листови; усни прашања подготвени од наставникот; пишување куси состави.

Формативно оценување

Во текот на наставата се препорачува формативно следење кое ќе овозможи формирање објективни оценувања како повратна информација за постигањата на учениците во определен временски период. Формативното следење на постигањата на учениците наставникот може да ги реализира со користење повеќе методи за оценување: разговори наставник - ученик; усни презентации; писмени вежби; тестови; домашни работи; портфолиото на ученикот.

Микросумативно оценување

На крајот на секое тримесечје, врз основа на сознанијата од формативното оценување, се реализира микросумативно оценување од чиишто резултати се оформуваат тримесечните оценки и вреднувања на постигањата на учениците.

Сумативно оценување

Врз основа на целокупните податоци добиени од следењето, проверката на постигањата на учениците во текот на реализацијата на наставната програма, наставникот ја констатира развојната состојба на секој ученик поединечно. Од формираните сумативни оценки, формулирани за секој ученик, посебно раководејќи се од поставените нивоа на постигања, во текот на определени временски периоди, наставникот внесува и соодветни бројчани оценки.

16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Во училиштето се формира тим за следење, анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценувањето и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандардии критериуми за оценување. Тимот се состои од стручната служба, одделенски и предметни наставници. Стручните активи изработуваат критериуми за оценување врз основа на стандардите за оценување дадени од Биро за развој на образованието. Истите се документирани во педагошката евиденција и се следени и анализирани од педагошката служба. Заклучоците се истакнуваат во квартални, полугодишни и годишни извештаи, врз основа на кои се надминуваат недостатоците (доколку ги има), со што се обезбедува развој на квалитетно оценување кое се применува во иднина.

Ако ученикот или родителот, односно старателот не е задоволен од годишна оценка, родителот, односно старателот има право во рок од три работни дена од денот на соопштувањето на успехот да поднесе писмен приговор до Наставничкиот совет на училиштето кој треба да биде образложен.

Наставничкиот совет по приговорот решава наредниот ден од денот на истекот на рокот. Наставничкиот совет може приговорот да го одбие или да организира повторна проверка на знаењата на ученикот.

За повторна проверка на знаењето на ученикот, Директорот најдоцна во рок од пет работни дена од денот на приемот на приговорот, формира комисија за повторна проверка на знаењата. Комисијата е составена од Претседател и два члена испитувачи. Претседателот на Комисијата по правило е одделенскиот раководител, односно раководителот на паралелката во која ученикот учи, а за членови испитувачи се именуваат наставници по предметот по кој се врши проверувањето на знаењето од редот на наставниците од училиштето или од друго основно училиште. Претседател и член испитувач на Комисијата не може да биде наставникот кој ја утврдил оценката. Оценката на Комисијата е конечна. **Прилог 1.47.**

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Врз основа на член 113 од Законот за основно образование (Службен весник на РС Македонија бр. 161/2019, 229/20, 3/25, 74/25 и 250/25), Директорот на училиштето присуствува на часови во наставата во согласност со План за посета на часови во одделенска и предметна настава. Исто така се вршат и стручни посети од страна на стручните соработници со цел следење на воспитно-образовната работа од различни аспекти. Притоа стручните соработници ја следат и работата на наставниците со ученици со ПОП, од ранливи категории кои имаат потешкотии во адолесцентниот период, ученици со нефункционално семејство, ученици подложени на насилство и ученици со други проблеми. Директорот и стручните соработници при следењето на воспитно-образовната работа користат различни инструменти.

Плановите за посета на часови на Директорот и педагогот преку кој се следи воспитно-образовната работа се дадени како прилози на Годишната програма за работа на училиштето, а за останатите стручни соработници истото е содржано во нивните планови и програми. **Прилози: 1.31, 1.31.1. и 1.31.2.**

16.4 Самоевалуација на училиштето

По завршување на секоја втора учебна година од месец октомври основното училиште врши Самоевалуација за сопствената работа и постигањата на училиштето.

Самоевалуацијата ја спроведува училишна комисија составена од пет члена од редот наставници, стручни соработници, воспитувачи и родители, односно старатели која по предлог на Директорот ја формира Училишниот одбор.. Врз основа на Самоевалуацијата се дефинираат слабите и јаките страни од работењето на училиштето. Со тоа се дефинираат понатамошните чекори и постапки за работа на училиштето. Училишниот тим изготвува Извештај за извршената Самоевалуација со предлог мерки за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа кој го доставува до Училишниот одбор, Директорот и Основачот, односно Совет на Општина Кавадарци. Извештајот во електронска форма се доставува до Државен испитен центар во рок од 30 дена од денот на завршувањето на Самоевалуацијата. Извештајот се објавува на ВЕБ страната на училиштето. Самоевалуацијата за период од 2019-2021 е изработена во 2021 година, Самоевалуација за период од 2021- 2023 година е изготвена во 2023 година. За период од 2023-2025 година, Самоевалуацијата е изготвена во месец октомври во 2025 година. **Прилог 1.32.**

17. Безбедност во училиштето

Со цел на подигање на нивото на безбедност во училиштето поставени се камери во просториите на училиштето и во училишниот двор. Училиштето е опремено со противпожарни апарати, комплети за прва помош, како и обучени наставници за давање прва помош. Училиштето обезбедува 3 излеза за време на непогода и еден излез за наставниците. Училиштето 24 часа е обезбедувано од двајца чувари од Агенцијата за обезбедување.

Училиштето има израбптено Правилник за заштита од елементарни непогоди, План за заштита од пожари, Процена за заштита од пожари и Потсетник за употреба, како за Централното, така и за ПУ с.Бегниште. Изработени се и планови за евакуација – скици за Централното и за ПУ с.Бегниште.

Прилог: 1.33, 1.34, 134.1, 1.34.2, 134.3, 1.34.4, 1.34.5, 1.34.6, 1.34.7, 1.34.8, 1.34.9, 1.34.10, 1.34.11, 1.34.12, 1.34.13, 1.34.14, 1.34.15, 1.34.16 и 1.34.17.

18. Грижа за здравјето

18.1. Хигиена во училиштето

Хигиената во училиштето е на задоволително ниво. За нејзино одржување се грижи техничкиот персонал. Посебно се обрнува внимание на едукацијата на учениците за одржување на здрава и чиста животна средина. **Прилог 1.41.**

18.2. Систематски прегледи

Систематските прегледи се вршат редовно секоја година за учениците од прво, трето, петто, седмо и деветто одделение. Истите ќе се реализираат пред или по завршувањето на часовите во зависност од смената во која се одвива наставата, со што не се попречува реализацијата на редовната настава.

Учениците од прво, трето и петто одделение се придружувани од родител, а учениците од седмо и деветто одделение се придружувани од одделенскиот раководител.

Стоматолошките систематски прегледи се законска обврска за сите ученици од прво до девето одделение се спроведуваат еднаш годишно.

Учениците од прво до петто одделение се придружувани од родител, а учениците од шесто до деветто одделение се придружувани од одделенскиот раководител. **Прилог 1.41.**

18.3. Вакцинирање

Вакцинирањето на учениците се изведува во просториите на Здравствениот дом според календарот на имунизација и вакцинизација. Учениците добиваат покани од Здравствениот дом и во придружба на родителот редовно се вакцинираат.

Прилог 1.41.

18.4. Едукација за здрава исхрана/оброк во училиштата

Училиштето секоја година во рамките на Програмата „Еко- училиште“ реализира активности од кампањата „Здрава храна за детство без мана“. Учество земаат учениците, родителите, наставниците со изработка на штанд на здрава храна во училишниот хол, изработка на брошура со „бабини рецепти“. Кампањата е медиумски покриена и има за цел едукација на учениците за здравата исхрана, подигање на свеста, подигање на училишниот активизам, промоција и вклучување на родителите и локалната заедница. И во изборниот предмет Вештини за живеење, Градинарство и Готвење учениците се среќаваат со наставни

единици преку кои се запознаваат со здравата исхрана и самите приготвуваат здрави оброци. Преку изборниот предмет Градинарство учениците го следат и активно учествуваат во целокупниот процес на садење и одгледување на домати, краставици, благи и лути пиперки и модри домати во училишниот двор. По предметот Готвење, учениците ќе ги искористат плодовите од засаденото.

За учениците од 1 до 5 одделение Општина Кавадарци има обезбедено здрав оброк.

19. Училишна клима

19.1. Дисциплина

За подобрување на дисциплина во училиштето се преземаат повеќе конкретни активности. За дисциплината во училницата одговорен е одделенскиот/предметниот наставник, раководството на ученичката заедница и ученичкиот парламент и дежурните.

Училиштето изготвува распоред на дежурни наставници по катови и денови во неделата. Тие се грижат за редот и дисциплината во ходниците и училниците. За сите настанати инциденти благовремено е известена стручната служба и раководството на училиштето, по што се преземаат активности за индивидуално или групно советување на учениците, а по потреба и советување на родителите. Училиштето ќе води и писмена евиденција за тековните збиднувања за време на одморите, а за тоа ќе бидат задолжени дежурните наставници.

За секој дежурен наставник, на почетокот на наставната година, директорот изготвува посебно решение.

Програмата за подобрување на училишната дисциплина на учениците и вработените е содржана во кодексите за нивно однесување.

Поставените видео камери дополнително ја подобруваат дисциплината во училиштето.

19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Училиштето во рамки на програмата „Еко училиште“ со статут на „Зелено знаме“ континуирано ја едуцира училишната заедница за развивање одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот во училиштето и училишниот двор. Се спроведуваат акции за оззеленување на училишниот двор и одгледување саксиско цвеќе во просториите на училиштето.

Во училниците и ходниците на училиштето се изложуваат творби изработени од учениците (паноа со ликовни и литературни творби), изработени стиропори од страна на наставници од еден актив на кои се прикажуваат теми од наставните предмети, стиропори поврзани со патрониот празник и други празници и значајни датуми.

Од Ученичкиот парламент кој ќе биде оформен на почетокот од учебната година ќе бидат одредени ученици кои ќе учествуваат во тимот за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето.

19.3. Етички кодекси

Училиштето има донесено етички кодекси за наставници, ученици, родители, директор, други лица вработени во училиштето и кодекс за заштита на компјутерите. Истите се ревидираат на почетокот на секоја учебна година. Како дел од повеќе програмски активности, учениците имаат можност, да се потсетат на правилата од кодексот на однесување за ученици и да добијат насоки за придржување до истиот. Истите се изложени на повеќе видни места во училиштето.

Прилог 1.37, 1.37.1, 1.37.2, 1.37.3, 1.37.4, 1.37.5, 1.37.6 и 1.37.7.

19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Во училиштето постои кохезија помеѓу вработените, учениците и родителите. Наставниците соработуваат меѓу себе, службата и Директорот, се практикуваат заеднички прослави, екскурзии, коктели, свечености, посети и сл. кои имаат за цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка. Тимот одреден за односите меѓу сите структури во училиштето ќе направи анализа и ќе предложи конкретни активности (работилници, дебати, состаноци, екскурзии...) и со тоа ќе го подобри квалитетот на комуникацијата и ќе ја зајакне меѓусебната доверба и соработка.

Тим за односи меѓу сите структури во училиштето:

1. **Христина Камчева Пановска - Директор**
2. **Ленче Нанева - педагог**
3. **Мануела Маркушева – одделенски наставник**
4. **Елеонора Гурева – одделенски наставник**
5. **Данче Кузманова – наставник по географија**
6. **Фиданка Стојаноска– наставник по македонски јазик**
7. **Билјана Клинчарова- наставник по математика**

20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

За да може во наставата да се постигнат резултати, не се доволни само стручноста и компетентноста на наставникот што тој ги има преку стекнување на дипломата, туку потребно е постојано да се едуцира за создавање на квалитетна настава која ќе ги обучува учениците за живот во 21 век.

Детектирањето и потребата од стручно усовршување и професионален развој на воспитно-образовниот кадар се врши континуирано во текот на целата година преку следење и вреднување на реализацијата на наставата, од воочување на потребата за користење на нови форми, методи и принципи, од промената на наставните програми и сл.

Професионалниот развој, т.е. стручното усовршување на наставниците во училиштето се врши преку различни обуки, семинари, работилници и други форми кои овозможуваат поголем квалитет. Истиот се врши континуирано во училиштето и преку стручните активи, учеството во комисии, размена на дневни планирања, размена на мислења и сугестии во врска со наставата и слично и на овој начин наставниците се стекнуваат со искуство.

Секој наставник преку сопствениот актив непосредно ги изнесува личните потреби за професионален развој кои потоа по хоризонтала и вертикала се проследуваат. Во нашето училиште постои тим за професионален развој на наставниците во состав директор, стручни соработноци, претседатели на активи.

20.2. Активности за професионален развој

Континуиран професионален развој е право и обврска на секој во образовниот систем и е насочен кон стекнување и пренесување на нови знаења за практичниот аспект на работа, знаењата за деталите на професијата и реализација на стандардите за квалитет на воспитно-образовниот процес во согласност со европските трендови.

Се планира организирање на обуки, семинари, работилници од кои имаат потреба наставниците, се изготвуваат акциони планови за истите, се врши десиминација од проектите, се подготвуваат извештаи, се прави евалуација и од неа произлегуваат наредните приоритети за професионален развој.

20.3. Личен професионален развој

Секој наставник може да го иницира сопствениот професионален развој врз основа на личните потреби за стручно усовршување во сфери во кои сака да се подобри. За сопственото стручно усовршување наставникот прави личен план за професионален развој за секоја учебна година врз основа на Самоевалуацијата во однос на професионалните компетенции, резултатите од интегралната евалуација и извештаите од посети на Директорот на училиштето, советници од Бирото, Центарот и Државниот просветен инспекторат. Планот го одобрува Директорот на училиштето на предлог на тимот за професионален развој во училиштето. Тимот за професионален развој го сочинуваат координаторите на стручните активи на наставници во училиштето, Директорот и стручен соработник во училиштето. Овој тим се грижи за професионалниот развој на сите вработени, за усогласување на различните потреби и за користење на сите надворешни и внатрешни ресурси за професионален развој.

За професионалниот развој на секој наставник се води професионално досие.

20.4. Хоризонтално учење

Се планираат различни видови на организирање и пренесување на знаењата или размена на професионално искуство, преку професионалните активи, организирање на отворени часови, работилници... Училиштето изготвува акциски план со планирани активности, носители на тие активности, време на реализација, очекувани исходи, начин на следење, критериуми за успех.

20.5. Кариерен развој на воспитно образовниот кадар

Наставниците може да напредуваат во звања.

1. Наставникот се здобива со категоријата наставник кога ќе го положи стручниот испит за наставник.
2. Наставникот може да напредува во звањето наставник-ментор.
3. Наставникот може да напредува во звањето наставник-советник.

Системот овозможува наставниците и стручните соработници да напредуваат во својата на две скалила: ментор и советник. За да стигнат до определено скалило наставниците односно стручните соработници треба да исполнат соодветни професионални стандарди кои опфаќаат знаења способности и вештини од опредлени подрачја утврдени во позаконските акти кои го го регулираат напредувањето во звања. Во нашето училиште наставник со звање наставник ментое е Соња Иловска, наставник по биологија.

21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

- Во училиштето родителите даваат идејни планови за организација на активности во училиштето во склоп со потребите на сите инволвирани во наставниот процес.
- Тие учествуваат во донесување на решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето и реализација на истите. Во училиштето се изготвува распоред за средби со родители и отворен ден за прием кои ќе бидат истакнати на огласна табла. Родителите исто така се вклучени и во реализирање на Програмата за заедничка грижа за учениците што дава можност истите да се вклучат во бројни наставни и воннаставни активности.

21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

- Во почетокот на учебната година, на првата родителска средба, родителите од страна на одделенските раководители се информирани за планот и програмата според која ќе се изведува наставата, со што уште на почеток тие активно се вклучуваат со свои мислења и сугестии.
- Родителите даваат мислења и сугестии за дополнувања и измени на секаков вид планирања, постојано се информирани за наставниот процес преку континуирана соработка со Училишниот одбор, Директорот на училиштето, наставниот кадар, стручната служба, учениците. Родителите даваат поддршка на наставниците за олеснување на работата со ученици со потешкотии во развој и посебно ги поддржуваат соработките за напредување на учениците–таленти. Семејствата помагаат во прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства и материјали. Им даваат поддршка на реализаторите за иновирање во наставата, помагаат при професионалната ориентација на учениците.

Во активностите во училиштето

- Родителите даваат иницијативи за поуспешна реализација на воннаставните активности, натпревари, екскурзии, приредби, манифестации, промоции и др. Вклучени се во подготовка на здрава храна, еколошки акции во училиштето, изработка на маски за учество на манифестацијата „Тиквешки гроздобер“ и „Априлијада - ден на шегата“, изработка на новогодишни и велигденски креации, Патронен празник на училиштето.
- Дејствувајќи преку Советот на родители, училиштето и родителите ќе одржуваат редовна соработка при имплементирање на активностите за промоција и изнаоѓање на добри МИО практики кои ќе може да се применат во нашето училиште и локалната заедница.
- Родителите може да се вклучат активно и во воннаставните активности (краткорочни и долгорочни).

Во донесување одлуки

- Родителите се вклучени и партиципираат во давање на идеи, предлози и донесување на одлуки, преку Совет на родители, Училишна заедница, Училишен одбор.

21.3. Едукација на родителите /старателите

- Родителите се исто така редовно вклучени и преку програмите за Советување на родители (Прилог 1.39.1) и Советување на ученици (Прилог 1.39.2) како и програмите

Превенција од насилство во училиштето (Прилог 1.29.1), Превенција од болести на зависност (Прилог 1.29.2) и Справување со предизвиците на адолесцентниот период (Прилог 1.29.3).

Програмите се имплементираат во текот на целата година, а истите имаат за цел:

1. Запознавање на родителите дека учениците нередовно ја посетуваат наставата, имаат намален успех или манифестираат одредени форми на несоодветно однесување.
2. Едуцирање на родителите за начините на кои може да се подобрат вештините за воспитување и да се унапредат односите во семејството, за да придонесат нивните деца поуспешно да се справуваат со разните училишни и животни предизивици.

Во дополнување на оваа пракса, училиштето ги вклучува родителите и во сите превентивни програми на училиштето со што овозможува посистематски пристап при спречување на социо-девијантните појави. Постојат советодавно-консултативни работилници, индивидуални средби, посета на семејства и др.

Родителите се запознаваат за едукацијата и активностите преку флаери, плакети и сл.

22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Комуникација со јавноста и промоција на основното училиштето

Со цел за комуникација со јавноста и промоција на училиштето како и за известување на пошироката јавност за организираните и реализираните училишни и вон-училишни активности, манифестации има изготвено програма која е дадена во прилог на Годишната програма. Предвидено е училиштето да оствари соработка со:

Локална заедница (локална самоуправа, бизнис заедница, месно население..)

Ќе се остварат разни состаноци, средби, дебати, трибини, посети на институции и бизнис-компании во опкружувањето, собири и здружувања по случувања во училиштето и др.

Во рамките на Програма за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен воспоставена е соработка со општина Кавадарци за реализација на еколошката програма на локално ниво.

Институции од областа на културата

Училиштето ќе ги следат објавените конкурси и натпревари и тоа: литературни и ликовни конкурси, изложби, посета на културно-историски споменици и музеи, библиотеки, театар, ликовни колонии, Дом на култура, кино-сала, фото студио...

Институции од областа на образованието

Училиштето соработува со МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, Сектор за основно образование како дел од општината, овластен општински инспектор, актив на директори на ниво на општина, Општински совет на превенција од малолетничко престапништво-тело формирано од Локалната самоуправа на општина Кавадарци, а се состои од вработени од сите институции кои директно или индиректно работат со деца и млади. Негова основна цел е превенирање на девијантното однесување кај малолетниците и намалување на бројот на малолетници во судир со законот. Потоа соработка со детски градинки (поради преземање учници во 1 одделение), основни училишта (поради размена на информации, искуства и взаемна помош), средни училишта (поради континуирано следење на успехот на наши ученици, професионална ориентација, одредени проблеми, како и потврди за запишување) и факултети кои ќе допринесат во стручно усовршување на наставниот кадар, советувања, организирање семинари и работилници и др.

Институции од областа на безбедност во сообраќајот

Нашето училиште има соработка со Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и редовно се одржуваат сообраќајно едукативни активности за децата под мотото – „ Внимавајте на децата во сообраќајот“. Детската љубов нема граници, детскиот живот нема цена! “ Исто така ученици од нашето училиште секоја година учествуваат и на квиз-натпреварот за познавање на сообраќајните правила и прописи - "БИДИ БЕЗБЕДЕН" во организација на РСБСП и постигнуваат солидни резултати.

Невладини организации

Предвидена е соработка и со различни невладините организации: Детска амбасада, СОС- центри, Младински културни центри, еколошки друштва и др.

Едукацијата на учениците со различни специфичности во целост се подразбира како процес преку кој училиштето одговора на сите ученици како индивидуи со обезбедување на соодветните потреби преку соработка, поддршка и спроведување на активности со Сојуз на лица со инвалидност, Сојуз за спорт и рекреација на лица со инвалидност, Црвен Крст на Општина Кавадарци, вклучувајќи ги сите ученици во манифестации, настани, приредби и во училиштето и надвор.

Спортски друштва

Училиштето ќе соработува со фудбалски, ракометни, атлетски, кошаркарски, и други спортски друштва.

Здравствени организации

Како и до сега училиштето постојано соработува со здравствените организации заради грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените. И оваа учебна година ќе продолжи соработката со Здравствен Дом - Кавадарци за редовни систематски прегледи и вакцинација и општинскиот центар за социјални работи.

Во текот на годината ќе се организираат предавања од стручни лица, надворешни соработници од Црвен крст на Република Северна Македонија чија цел е проширување на знаењата и развивање на свеста на учениците за значењето и важноста на здравјето и водењето грижа за него. И оваа година ќе продолжи соработката со стоматолошките ординации со цел да се подигне свесноста за оралното здравје, како и со офталмолошките ординации.

Медиуми (со цел на промоција на училиштето)

Планирана е соработка со ТВ станици, локалните радиостаници, весници и др. со цел на промоција на училиштето и постигнувањата на учениците. Целта на соработката со медиумите е промоција на училиштето од областа на постигнувањата, спортот, културата и претприемништвото. Училишето располага со училишни постери за упис на првачиња, информации за училиштето и постигнатите успеси кои се даваат на родителите на почетокот на учебната година.

Училиштето исто така има изработено своја web страна и фејсбук страна на која училиштето прави промоција на сите активности и манифестации кои се реализираат во училиштето.

23. Следење на имплементацијата на Годишната програма за работа на основното училиште

Приоритетни подрачја за следење	Начин и време на следење	Одговорно/ни лице/а	Кој треба да биде информиран за следењето
Следење на постигнатиот успех по пол, редовност и поведение	Квартално (прво тримесечје, полугодие, трето тримесечје и крај на учебна година	Директор Педагог	Одделенски совет на одделенски и предметни наставници Наставнички совет Совет на родители Училишен одбор Ученички парламент
Следење на работите кои ќе бидат изведени во училиштето, а поврзани со приоритетните подрачја	Преку формирање комисии во текот на изведувањето на работите и по нивното завршување.	Директор Помошен директор Комисии	Директор Училишен одбор Совет на родители
Следење на сите активности поврзани со воспитно-образовниот процес и воннаставните активности	Преку комисии, извештаи, записници, посета на часови во текот на целата година	Директор Помошен директор Стручни соработници Наставници	Директор Училишен одбор Совет на родители Наставнички совет

24. Евалуација на Годишната програма за работа на основното училиште

Годишната програма за работа на училиштето ќе се евалуира со цел следење на реализираните активности планирани во неа. За истото вработените доставуваат докази преку прашалници, документи, записници, протоколи, дискусии, интервјуа, анкети, извештаи и други инструменти.

Преку процесот на евалуација се зема во обзир искуството на сите вработени кои биле вклучени во имплементација во Годишната програма и реализирање на активностите во неа предвидени со различните планови и програми и преку тоа се утврдуваат слабите страни во училиштето кои ќе бидат ставени како приоритети во идната Годишна програма со цел да се надминат истите. **Прилог 1.43.**

25. Заклучок

Изготвената Годишна програма на ООУ „Тоде Хаџи-Тефов”- Кавадарци за учебната 2025/2026 година ги содржи сите подрачја предвидени со Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/19, 229/20, 3/25, 74/25 и 250/25), Правилникот за формата и содржината на Годишната програма за работа на основното училиште бр.08-3714/3/ од 29.05.2024 година, а е во согласност и со Законот за наставници и стручни соработници („Службен весник на РСМ “,бр.161/19), Концепцијата за основно образование, Концепцијата за воннаставни активности и Водичот за воннаставни активности.

Годишната програма ќе послужи за ефикасно и ефективно реализирање на планираните глобални активности, следење на истите како и следење на сите вработени (наставници, стручни соработници, административен-технички персонал како и на учениците и родителите кои учествуваат во истата). Таа претставува извор на најразлични податоци поврзани со воспитно-образовната работа, материјално-финансиското работење, кадровски податоци, техничките услови, структурата на различни тела и комисии во училиштето, податоци за вработените поврзани со работен стаж, звање, работно место и години на старост.

Таа помага при детално организирање на видови настава, реализација на задолжителни, изборни предмети, слободни додатна и дополнителна настава, реализација на СУА, воннаставни активности (излети, екскурзии, акции, работилници, натпревари). Со следењето на имплементацијата на Годишната програма училиштето се грижи за здравјето на учениците преку одржување на хигиената, систематските прегледи и вакцинирањето и едукацијата за здрава исхрана и здрав оброк и преку реализирање на различни едукативни работилници со содржини од образование за животни вештини.

Редовно се интегрираат наставните со еколошките содржини како и со МИО содржините.

Етичките кодекси приложени кон Годишната програма ќе бидат изложени на видно место во училиштето и со нивното почитување од страна на учениците, наставниците, родителите, директорот и другите вработени ќе се одржи дисциплината во училиштето кое е на високо ниво.

Во училиштето се предвидуваат форми на поттикнување на попродуктивна соработка помеѓу наставниците, одржување ефективни состаноци со конкретни заклучоци, предлози и мерки, зголемено взаемно почитување и доверба, конструктивно решавање на проблемски ситуации, отворена комуникација, да се почитува мислењето на секој поединец, да се биде критичен и самокритичен и на тој начин се подобрува училишната клима.

Самата Годишна програма овозможува тимска работа која пак ќе овозможи професионална реализација на програмите во неа и планираните активности. Таа е водилка на професионалниот и кариерниот развој на наставниците и стручните соработници. Предвидува вклученост на семејствата во животот и работата во училиштето во процесот на учење, во активностите во училиштето, во денесување на одлуки како и нивна едукација. Комуникацијата во училиштето ќе биде подобрена со локалната заедница, со различни институции од областа на културата, други училишта, невладини организации, здравствени организации, спортски друштва, а секако и со медиумите со цел подобро информирање и запознавање на јавноста со работата на училиштето и постигнувањето во него што служат за општа промоција на истото.

Со Годишната програма за работа се планираат мисијата и визијата, подрачјата на промени, приоритетите и целите, акциските планови, како и начинот на евалуација на акциските планови со цел да се унапреди воспитно- образовната работа во училиштето.

Забелешка: Воспитно-образовната работа во учебната 2026/2027 година и другите активностите планирани со Годишната програма за работа на училиштето ќе се реализираат во согласност со насоките дадени од Министерство за образование и наука, Бирото за развој на образованието и Државниот просветен инспекторат.

26. Комисија за изработка на Годишната програма за работа на основното училиште за учебната 2026/2027 година

Име и презиме	Работна позиција
Христина Камчева Пановска	Директор
Ленче Нанева	Стручен соработник – Педагог ментор
Марија Попова Шандаров	Стручен соработник – Специјален едукатор и рехабилитатор
Сандра Колева	Одделенски наставник
Милена Костова Орешкова	Одделенски наставник
Соња Иловска	Предметен наставник - советник
Марија Нешковска	Предметен наставник
Андријана Ласкова	Предметен наставник
Васил Ангелов	Претставник од Ученички парламент

27. Користена литература

1. **Закон за основно образование**
2. **Закон за наставници и стручни соработници**
3. **Националната програма за развој на образованието**
4. **Закон за работни односи**
5. **Закон за јавни набавки**
6. **Концепција за деветгодишно образование**
7. **Концепција за воннаставни активности**
8. **Водич за воннаставни активности**
9. **Статут на училиштето**
10. **Интерни Правилници и Правилници од МОН**
11. **Деловници за работа на органите**
12. **Програма за развој на училиштето за период 2025-2029 година**
13. **Самоевалуација на училиштето за период 2025-2027 година**
14. **Годишен извештај за работа на училиштето од претходната година, извештај од интегрална евалуација, од самоевалуација од финансиско работење на училиштето**
15. **Правилници**
16. **Записници.**

Содржина/Прилози

1. Годишна програма на ТХТ за 2026/2027 година
1.1. Годишна програма за работа на Директорот
1.1.1. Годишен план за работа на Директорот
1.2. Годишна програма за работа на Помошник директор
1.3. Годишна програма за работа на педагог
1.4. Годишна програма за работа на специјален едукатор и рехабилитатор/дефектолог
1.5. Годишна програма за работа на психолог
1.6. Годишна програма за работа на библиотекар
1.7. Програма за работа на Училишниот одбор
1.8. Програма за работа на Совет на родители
1.9. Програма за Наставнички совет
1.10. Програма за работа на Одделенски совет и Совет на предметни наставници
1.11. Преглед на стручни активи
1.11.1. Стручен актив за 1 одделение
1.11.2. Стручен актив за 2 одделение
1.11.3. Стручен актив за 3 одделение
1.11.4. Стручен актив за 4 одделение
1.11.5. Стручен актив за 5 одделение
1.11.6. Стручен актив по македонски јазик
1.11.7. Стручен актив по математика и информатика
1.11.8. Стручен актив на странски јазици
1.11.9. Стручен актив по биологија, физика и хемија
1.11.10. Стручен актив по географија, етика, историја, и граѓанско образование
1.11.11. Стручен актив по музичко, ликовно, физичко и техничко образование
1.12. Програма за работа на Инклузивен тим
1.12.1. Акционен план на УИТ
1.13. Програма на образовниот медијатор
1.14. Програма за работа на хор и оркестар
1.15. Програма за Ученичка заедница
1.16. Програма за Ученички парламент
1.17. Програма за Ученички правобранител
1.18. Распоред на часови
1.19. Акциони планови
1.20. Програма за воннаставни активности секции, акции
1.20.1. Програма за спортски клуб
1.20.2. Програма за секции во училиштето
1.20.3. Програма за реализација на еко акции во Општина Кавадарци
1.20.4. Воннаставни активности за одделенска настава
1.20.5. Воннаставни активности за предметена настава
1.20.6. Акции во училиштето
1.21. Додатна настава
1.22. Дополнителна настава
1.23. Програма за вонучилишни активности
1.23.1. Програма за екскурзии
1.23.2. Програма за излети
1.24. Програма за ученички натпревари
1.25. Годишна програма за МИО
1.26. Проекти што се реализираат во училиштето
1.26.1. Програма за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем
1.26.2. Формулар за членови на еко одборот
1.26.3. Анализа на состојбата на животната средина
1.26.4. Следење и евалуација
1.26.5. Поврзување со наставната програма
1.26.6. Известување на поширокаата заедница

1.26.7. Еко кодекс
1.27. План за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите
1.28. План и програма за професионална ориентација за учениците од 8 и 9 одделение
1.29. План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација
1.29.1. План и програма за превенција од насилство
1.29.2. Програма за превенција од зависности
1.29.3. Програма за справувањев со предизвиците на адолесцентниот период
1.29.4. Програма за работа со ученици од ранливи групи
1.30. План за следење и анализа на состојбите со оценувањето
1.31. План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на воспитно-образовниот процес
1.31.1. План за посета на часови од страна на Директорот
1.31.2. План за стручна посета од страна на педагогот
1.32. Програма за Самоевалуација
1.33. Правилник за заштита од пожари во ПУ с.Бегниште
1.34. Правилник за заштита од пожари во ООУ „ Тоде Хаџи-Тефов“-Кавадарци
1.34.1. План за заштита и спасување на ООУ „Тоде Хаџи-Тефов“ – Кавадарци
1.34.2. План за заштита и спасување на ПУ с.Бегниште
1.34.3. Процена за елементарни непогоди за ООУ „Тоде Хаџи-Тефов“ - Кавадарци
1.34.4. Процена за елементарни непогоди за ПУ с.Бегниште
1.34.5. Потсетник за употреба на Планот за евакуација
1.34.6. План за евакуација на ООУ „Тоде Хаџи-Тефов“ – Кавадарци (Училиште и двор)
1.34.7. План за евакуација на спортска во ООУ „Тоде Хаџи-Тефов“ – Кавадарци
1.34.8. План за евакуација на подрум во ООУ „Тоде Хаџи-Тефов“ – Кавадарци
1.34.9. План за евакуација на приземје во ООУ „Тоде Хаџи-Тефов“ – Кавадарци
1.34.10. План за евакуација на 1 кат во ООУ „Тоде Èхаџи-Тефов“ – Кавадарци
1.34.11. План за евакуација на 2 кат во ООУ „Тоде Èхаџи-Тефов“ – Кавадарци
1.34.12. План за евакуација на 1 кат во ПУ с.Бегниште
1.34.13. План за евакуација на приземје во ПУ с.Бегниште
1.34.14. План за евакуација на приземје во ПУ с.Бегниште
1.34.15. План за евакуација на приземје во ПУ с.Бегниште
1.34.16. План за евакуација на приземје ПУ с.Бегниште
1.34.17. Акционен план за заштита и спасување од елементарни непогоди
1.34.18. План за самозаштита во наставните предмети
1.35. Распоред за дежурни наставници
1.36. План за естетско и функционално уредување на училиштето
1.37. Кодекси за однесување на ученици, наставници, родители и Директор
1.37.1. Кодекс за ученици
1.37.2. Кодекс за наставници
1.37.3. Кодекс за други вработени
1.37.4. Кодекс за родители
1.37.5. Кодекс на облекување
1.37.6. Кодекс за облекување на наставниците
1.37.7. Кодекс за заштита на компјутерите
1.37.8. Кодекс за Директорот
1.38. Програма за професионален и кариерен развој
1.39. Програма за соработка со родители
1.39.1. Програма за советување на родители
1.39.2. Програма за советување на ученици
1.40. Програма за соработка со ЛС и ЛЗ
1.41. Програма за грижа за здравјето на учениците
1.42. Програма за јавна и културна дејност
1.43. Програма за следење и евалуација на Годишната програма за работа на училиштето
1.44. Следење, вреднување на воспитно-образовната работа
1.45. Програма за талентирани и надарени ученици
1.46. Програма за работа со деца со посебни образовни потреби

1.47. Тим за следење, анализа и поддршка
1.48. Програма за Детска организација
1.49. Заедничка грижа
1.50. Програма за општествено-корисна и хуманитарна работа
1.51. Годишна програма за продолжен престој за 1 одделение
1.52. Годишна програма за продолжен престој за 2 и 3 одделение
1.53. Годишна програма за продолжен престој за 4 и 5 одделение
1.54. Проширена програма за прифаќање на ученици
1.55. Развојна програма за период 2025-2029
1.56. ИКТ во наставата
1.57. Програма за антикорупциска едукација
1.58. План за антикорупција
1.59. Отворен ден за граѓанско образование
1.60. Секции за објавување на ВЕБ страната на училиштето
1.61. Програма за ментално здравје на учениците
1.62. Програма за Училишен клуб на Црвен крст
1.63 Програма за реализација на креатицни работилници во едукативното катче во Градски парк
1.64. План за наменско користење на средствата кои основното училиште ги собира од родителите, односно старателите на учениците
1.65. Програма за секција за ССО

М.П.

Датум: 6.7.2026 година

Кавадарци

Потпис на Директор

_____

Училишен одбор на ООУ „ Тоде Хаџи-Тефов“
